**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**

# Листа на информации од јавен карактер

**Пласница 2015 година**

Совет на општина Пласница

**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**

**Бр.08 -335/11**

**12.06.2015**

**ПЛАСНИЦА**

Врз основа на член 9 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер („Сл. Весник на РМ " бр 3/06, 86/08, 6/10, 42/2014 год) како и врз основа на член 57 и 58 од Статутот на општина Пласница, Советот на општина Пласница на седницата одржана на ден 12.06.2015 година донесе:

# ОДЛУКА

## за донесување листа на информации од јавен карактер во Општина Пласница

### *Член 1*

Со оваа Одлука се донесува листа на информации од јавен карактер со кои располага општина Пласница, а кои се утврдуваат како информации од јавен карактер достапни до барателите.

### *Член 2*

Како информации со кои располага општина Пласница а кои се од јавен карактер со кој располага општината се следниве:

1. Информации во врска со урбанизмот, комуналните работи, заштита на животната средина и локален економски развој:
   - Урбанистички планови, урбанистички документации за населените места, програми, стратегии, документи, решенија и друго;
2. Информации во врска со Финансии и буџет:
   - Нацрт – Буџет на општината,
   - Буџет на општината,
   - Завршни сметки на Буџет како и одлуки поврзани со Буџетот,
   - Одлуки поврзани со данокот од областа на даноците на имот, како и комуналните такси.
3. Информации во врска со правни, административни, општи работи и јавни дејности:

- Одлуки, решенија заклучоци, програми, услуги на граѓаните, месни самоуправи, контакти со невладини организации друг вид на соработки како и друки акти поврзани со работењето на органите на општина Пласница.

4. Информации во врска со работата на Советот на општината:
   - Одлуки, решенија, заклучоци програми како и информации од работата на комисиите и други тела формирани од страна на Советот на општина Пласница.
5. Информации во врска со работењето на Градоначалникот на Општината:
   - Решенија, заклучоци, дозволи, програми, ставови мислења, како и други акти.
6. Информации во врска со актите на општината:
   - Статут на општина Пласница,
   - Деловник за работа на советот на општина Пласница,
   - Систематизација на општинската администрација

7. Прописи кои се однесуваат на надлежноста на општината кои се поврзани со прописите објавени во „Сл.гласник на општина Пласница.

8. Информации во врска со реализирани тековни и идни проекти кои се однесуват на општината.

***Член 3***

Листата на информасии од јавен карактер ќе се објави на огласна табла на општината како и во „Сл. Гласник на општина Пласница.

***Член 4***

Листава на информации од јавен карактер на општина Пласница стапува во сила осмиот ден по објавувањето во „Сл. гласник на општина пласница,,

**Совет на општина Пласница**

**Претседател**

**Нурфет Нурчески**